**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

***Одделение за урбанизам, зжс и комунални дејности***

**Број 11-560/4 од 28.07.2026 година**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) , член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 , 127/25 ,134/26) и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23 , 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26) , Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ С.СОПОТНИЦА-МАНАСТИР ,,СВ.АТАНАСИЈ" ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

Се одобрува **Проектна Програма** за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Локален пат с.Сопотница-Манастир ,,Св.Атанасиј" Општина Демир Хисар со тех. бр.03-15/26 од јуни, 2026 год. изработена од „НИМАЕР Урбан Дизајн" дооел Скопје правно лице кое поседува лиценца за изработување на урбанистички планови и урбанистички проекти бр. 0139 со важност на неопределено време, и планер потписник Васе Никоска, д.и.а. со овластување за изработување на урбанистички планови бр.0,0176 со важност на неопределено време .

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Изработувачот „НИМАЕР Урбан Дизајн" дооел Скопје, во име на инвеститорот Општина Демир Хисар, со адреса на ул,,Битолска" број 8, поднесе барање за одобрување на **Проектна Програма** за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Локален пат с.Сопотница-Манастир ,,Св.Атанасиј" Општина Демир Хисар со тех. бр.03-15/26 од јуни, 2026 год, преку информацискиот систем е-урбанизам заведено под број 11-560/1 од 12.06.2026 година.

Со барањето ја приложи следната документација:

- **Барање за одобрување** бр .02-15/26 од јуни, 2026 год.
- **Геодетски елаборат за ажурирана подлога** со Деловоден број: 61/3-26, изработен од "Цветковски Консалтинг" ДООЕЛ СКОПЈЕ
- **Проектна Програма** за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Локален пат с.Сопотница-Манастир ,,Св.Атанасиј" Општина Демир Хисар со тех. бр.03-15/26 од јуни, 2026 год. изработена од „НИМАЕР Урбан Дизајн"

дооел Скопје  правно лице кое поседува лиценца за изработување на урбанистички планови и урбанистички проекти бр. 0139 со важност на неопределено време, и планер потписник Васе Никоска, д.и.а. со овластување за изработување на урбанистички планови бр.0,0176 со важност на неопределено време со планиран опфат од 8727,86м2 (пдф)

- **Претходно издадени Услови за планирање на просторот** (измена и дополна на УПС) издадени од АПП  со техн.бр. Y21411 од март 2013 година
- **Услови за планирање на просторот** издадени од АПП  со техн.бр. Y 06826 од април 2026 година и **Решение за услови за планирање на просторот** со Арх.бр. 15 -1831/2  од 22.05.2026 година издадено од МЖСПП-Сектор за просторно планирање
- **Полномошно** од инвеститор нотарски заверено кај нотар Филип Доќиќ, со број УЗП 4982/2026 од 15.06.2026  08-221/1 од 19.02.2025 година

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1141/1 од 17.11.2025 година, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектна програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23 , 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26) за што согласно член 38 став  8 од Законот за урбанистичко планирање, достави до Градоначалникот **Предлог за одобрување** со број 11-560/3 од   23.07.2026 година.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање.

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

*Изработил*: Клара Тодоровска, диа

KLARA TODOROVSKA
Digitally signed by KLARA TODOROVSKA
Date: 2026.07.28 08:10:10 +02'00'

Општина Демир Хисар
Градоначалник

**Никола Најдовски**

Nikola Najdovski
Digitally signed by Nikola Najdovski
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=246077, T=Gradonacalnik, SN=Najdovski, G=Nikola, CN=Nikola Najdovski
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2026-07-28 13:32:25